Република Македонија
ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ
НА ВОЗРАСНИТЕ

ЈУ Центар за образование на возрасните

УП1.бр. 10 - 17
од 16.03.2018

ул. „Димитрије Чуповски" бр.13
1000 Скопје,Р. Македонија

+389 3220 808
+389 3220 808

contact@cov.gov.mk
www.cov.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2008 Бр. Q-1099/0

Директорот на ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје врз основа на член 21-а и член 36 став 1 алинеја 8 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 41/14, 144/14, 146/15 и 30/16) и член 20 од Статутот на Центарот за образование на возрасните го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за верификација на посебна програма**

1. Посебната програма за **„Спасител во ски патрола"** поднесена од страна на Македонско здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен АСКЛЕПИЈ Скопје, Центар за образование, наука и истражување АСКЛЕПИЈ Скопје, застапувано од Владо Настески СЕ ВЕРИФИЦИРА.
2. Решението за верификација на посебната програма се издава за времетраење од 3 (три) години.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

Комисијата формирана од страна на директорот на ЈУ Центар за образование на возрасните со Решение УП1 бр.10-17 од 07.03.2018 година изврши увид на поднесеното барањето УП1 бр.10-17 од 26.02.2018 година за верификација на посебната програма **„Спасител во ски патрола"** поднесена од страна на Македонско здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен АСКЛЕПИЈ Скопје, Центар за образование, наука и истражување АСКЛЕПИЈ Скопје, застапувано од Владо Настески

За утврдената состојба изготви Записник со УП1 бр.10-17 од 13.03.2018 година со кој утврди дека се исполнети условите за верификација на посебната програма согласно член 21-а и член 36 став 1 алинеја 8 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 41/14, 144/14, 146/15 и 30/16) и член 12 од Правилникот за начинот на верификација на посебните програми за образование на возрасните и предложи да се донесе решение за верификација на посебната програма „Спасител во ски патрола" за времетраење од 3 (три) години.

Од таа причина Директорот на ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство**: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.

**ДИРЕКТОР**
**Lindita Qazimi**

ДОСТАВЕНО ДО:
- архивата
- Македонско здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен АСКЛЕПИЈ

Изготвил:Елена Накова Мијовска
Контролирал:Мевљане Зулфикари
Одобрил: Маја Крстевска